Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ
QENDRA PËR MENAXHIM ME KRIZA

Дел. бр. 15-2089/1
26.08.2020 година

# НАЦРТ СТРАТЕШКИ ПЛАН

## НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

## ЗА ПЕРИОД 2021 – 2023 ГОДИНА

ДИРЕКТОР
m-r Agron Buxhaku

Скопје, август 2020 година

Почитувани,

Врз основа на анализата на постигнатите резултати и остварениот напредок во досегашниот период на изградба и развој на Системот за управување со кризи, во овој Нацрт Стратешки план, Центарот ги претставува сопствената визија и мисија, кои поддржани преку адекватни програмски активности и обезбедување на финансиски средства, планира да ги реализира своите стратешки приоритети и цели, со што ќе се обезбеди имплементирање на ефикасен и ефективен систем за управување со кризи во Република Северна Македонија, во функција на ефикасна заштита на животот и здравјето на граѓаните, материјалните, природните и културните добра, како и општата безбедност на државата.

Во Нацрт Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи (Центарот) за периодот 2021- 2023 година ги презентираме стратешките приоритети и цели на Центарот, со чија реализација во наредниот период ќе се придонесе во остварувањето на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија и нејзините политики од областа на управувањето со кризи и намалувањето на ризици од катастрофи.

Во процесот на изработката на Нацрт Стратешкиот план за периодот 2021- 2023 година, Центарот пристапи кон поставување на своите приоритети и цели, воспостави соодветни програми преку кои ќе се обезбедат финансиски средства за јакнење на капацитетите за ефикасна употреба на целокупните ресурси за постигнување на оптимална ефективност во намалувањето на ризиците од катастрофи на територијата на Република Северна Македонија или на одредени нејзини делови.

Со реализирањето на поставените стратешки приоритети и цели во овој Нацрт Стратешки план, очекуваме да се зајакнат вкупните капацитети на Центарот и Системот за управување со кризи со што ќе се придонесе во зголемување на нивото на вкупните способности на субјектите за превенција и рано предупредување за ризиците кои можат да предизвикаат катастрофи, како и брз и ефикасен одговор и закрепнување од последиците при катастрофи на територијата на Република Северна Македонија, или на одредени нејзини делови.

**Директор на Центарот за управување со кризи**

**m-r Agron Buxhaku**

## 1.1. ВОВЕД

Центарот за управување со кризи, како самостоен орган на државната управа има посебно место и улога во Системот за управување со кризи во Република Северна Македонија. Мандатот на Центарот, (по положба и функција на дирекција, со својство на правно лице) е определен во членот 21 од Законот за Управување со кризи ( Сл. Весник на РМ бр. 29/2005 и Сл. Весник на РМ бр.36/2011), според кој, Центарот ги врши работите што се однесуваат на обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, консултации и координација во управувањето со кризи; изработување и ажурирање на единствена процена на загрозеност од сите ризици и опасности кои можат да ја загрозат безбедноста на Републиката; предлагање мерки и активности за разрешување на кризи и кризна состојба и врши и други работи утврдени со закон, воедно е и носител на вкупната поддршка (стручна, организациска, административна и друга) на Управувачкиот комитет и Групата за процена, како Владини тела кои управуваат со Системот за управување со кризи.

Имајќи ја предвид ваквата законска поставеност на институцијата, процесот на стратешкото (среднорочно) планирање во Центарот, покрај тоа што е посебно насочен кон сопствените приоритети и цели, има и поширока координативна функција со активности кои ги планираат и спроведуваат останатите субјекти во Системот за управување со кризи.

Нацрт Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за периодот 2021-2023 година, согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија и Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата, претставува среднорочен план каде јасно се изразени приоритетите кои ќе се остваруваат во наведениот период со конкретни активности во кој се поставени општите и посебните цели на Центарот, програмите врз кои е ставен посебен акцент и активностите кои треба да се преземат.

## 1.2. Анализа на состојбата

### 1.2.1 Појдовна основа

Процесот на стратешко планирање претставува механизам кој му овозможува на Центарот за управување со кризи, како самостоен орган на државна управа, врз основа на објективна и издржана анализа да ги утврди приоритетите, целите и политиките во функција на нивно остварување во рамките на буџетскиот процес и аналогно на тоа ефикасно да ги алоцира соодветните ресурси за нивно спроведување. Со интегрирањето на процесот на

стратешкото, краткорочното планирање и буџетскиот процес се зголемуваат капацитетите и ефикасноста за спроведување на стратешките приоритети на Центарот, а со тоа и поддршка на спроведувањето на приоритетите на Владата. Со воспоставувањето на врската на стратешкото планирање со краткорочното планирање, фискалната стратегија и буџетското барање, уште повеќе се отвара можноста да се зголемуваат капацитетите и ефикасноста.

1.2. 2. SWOT Анализа

| **Предности-Силни страни** | **Слабости (Слаби страни)** |
|---|---|
| - Воспоставена организациона единица за раководење и координирање со процесот на стратешко планирање<br>-Воспоставен стандардизиран процес на среднорочно (стратешко) и краткорочно планирање на институционално ниво<br>- Воспоставен интерен Систем на планирање, програмирање, буџетирање и извршување (СППБИ)<br>- Солидни административни капацитети за успешно раководење и координирање со процесот | - Отсуство на системски пристап за извршување на надлежноста за организирање и спроведување на обуки за субјектите во СУК;<br>-Недоволна пополнетост на одделението за стратешко планирање со адекватен персонал, согласно Правилникот за систематизација,<br>- Отсуство на систем на редовна размена на информации и комуникација помеѓу организационите едници во процесот на планирање, следење и оценување на постигнатите резултати во спроведувањето на стратешките приоритети и цели |
| **Можности**<br>-Можност за градење на институционални капацитети,<br>- Развој на соодветни способности кај организационите единици, | **Закани**<br>- Отсуство на функционални кадровски и персонални политики базирани на компетентност во процесот на планирањето<br>- Одлив на постоечкиот кадри по разни основи, |

**1.2.3 Преземени мерки и очекувани резултати**

Центарот за управување со кризи, преку Секторот за аналитика, процени и стратешко планирање, како одговорен носител на процесот, перманентно ја следи нормативно-правната рамка на процесот и постојано ги ажурира и усогласува своите интерни акти со измените и дополнувањата. Во спроведувањето на процесот на стратешко планирање, во потполност ги разгледува забелешките и оценките дадени од страна на Секторот за стратегија, планирање и следење при Генералниот Секретаријат на Владата, во Извештајот од анализата на стратешките планови, и презема мерки од своја надлежност за надминување на воочените слабости и спроведување на препораките и насоките.

Со цел на јакнење на капацитетите и унапредување на процесот, Центарот за управување со кризи, постојано планира, но недоволно организира и реализира обуки за градење на институционални капацитети за планирање. Центарот, своите капацитети за

планирање ги врши преку номинирање на свои претставници за учество на обуки во организација на Секторот за стратегија, планирање и следење при Генералниот Секретаријат на Владата и другите институции.

## 1.3. Мисија на центарот

Мисијата на Центарот се состои во обезбедување на постојано ниво на комуникација, координација, консултации и меѓуресорска размена на податоци, во функција на подготвеност и интероперабилност на субјектите што се дел од системот за превенција и рано предупредување од ризици и опасности кои можат да предизвикаат одредени катастрофи и кризни состојби, како и да обезбеди координирано справување и надминување на последиците од настани и појави кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, природните, материјалните и културните добра и општата безбедност на Републиката.

## 1.4. Визија

Центарот е насочена кон изградба на Систем за управување со кризи, со респектабилни капацитети и способности, втемелен на висока професионалност, посветеност и подготвеност на поединците и субјектите кои го чинат истиот, со цел обезбедување на оптимални услови за безбедна животна и работна средина, како и услови за економски и социјален просперитет на државата.

## 1.5. Задачи и обврски на Центарот за управување со кризи

Центарот за управување со кризи, како самостојна Владина институција, има посебна положба и стратешка функција во насока на обезбедување на постојана координација со сите субјекти, во чија надлежност е следењето на појавите и состојбите кои можат да предизвикаат несреќи и катастрофи од пошироки размери, по животот и здравјето на граѓаните, природните, материјалните и културните добра на државата.

Во таа насока и во наредниот среднорочен период, Центарот има задачи и обврски да презема активности во извршување на работите кои се однесуваат на:

- Обезбедување на целосна организациска, административна и стручна поддршка на Владините тела во чија надлежност е управувањето со Системот за управување со кризи (Управувачки комитет, Група за процена) и останатите субјекти кои извршуваат посебни задачи и надлежности во рамките на системот;
- Обезбедување на административно-стручна и техничка поддршка на Главниот штаб за управување со кризи, како оперативно и стручно тело, кое раководи со оперативните активности за справување со настанати несреќи и катастрофи на територијата на Република Македонија, како и со отстранување на предизвиканите штети и последици;
- Обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, што подразбира одржување на постојани комуникации, консултации и размена на информации, заради ефикасна координација во процесот на превенција, рано предупредување и справување со ризици и опасности кои можат да предизвикаат криза и да ја загрозат безбедноста на граѓаните, материјалните добра, културните добра,

животната средина и безбедноста на Република Македонија;

Обезбедување континуирана стручна поддршка на Единиците на локалната управа и другите органи и структури на локално ниво преку зајакнување на персоналните, матерnjално техничките, организациските и други капацитети на Регионалните центри за управување со кризи.

Прибирање на податоци и информации во организирана меѓуресорска постапка, нивна анализа и обработка, и нивно соодветно документирање, со цел ажурирање на единствена процена од сите ризици и опасности по безбедноста на државата, општините и градот Скопје, како основа за преземање на соодветни мерки и активности за подготовка на субјектите во Системот за управување со кризи;

- Обезбедување на финансиски средства надвор од буџетот за воспоставување, управување и одржување на комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување 195 ( Европски број за итни повици Е-112 ) за сите итни состојби во случај на несреќи и непогоди предизвикани од различни ризици и опасности;
- Воспоставување, усовршување, надградба и одржување на соодветен систем за известување и јавно тревожење на населението и надлежните субјекти во случај на појави кои претставуваат ризици и опасности по животот и здравјето на граѓаните и општата безбедност на државата и можат да предизвикаат криза на одредени делови или кризна состојба во целата Република;
- Соработка со агенциите на Организацијата на обединетите нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Европската унија, НАТО, со странските амбасади во земјата, Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст и Црвената полумесечина и други меѓународни хуманитарни организации, како и со други институции од други држави во чија надлежност е извршување на работи од пошироката област на кризниот менаџмент;
- Планирање, подготовка и спроведување на обуки, вежби и други активности за лицата и субјектите кои извршуваат задачи во Центарот и за останатите учесници во системот за управување со кризи;
- Обезбедување транспарентност и градење јавна свест за индивидуалната, колективната и институционалната одговорност за превенција и за соодветно однесување при настанати несреќи и катастрофи;
- Преку спроведување на политиките на Владата, обезбедува подеднаква и рамноправна етничка и родова застапеност во системот за управување со кризи, имплементирајќи ги принципите на родова еднаквост, согласно препораките на меѓународните организации и регулативите на ЕУ,
- Други задачи, обврски и активности на Центарот.

### 1.6. Специфичност на Центарот за управување со кризи

Центарот за управување со кризи е самостоен орган на државната управа, но положба и функција на дирекција. Специфичноста во извршувањето на своите задачи и обврски, се состои во остварување на постојана комуникација и координација со сите субјекти кои го спроведуваат Системот за управување со кризи, како и со претставници на меѓународни организации и институции во чија надлежност се работите поврзани со превенција и рано предупредување за различни ризици и опасности, како и справување и надминување на последици од настанати несреќи и катастрофи.

### 1.7. Структура на Центарот за управување со кризи

Организациската структура во Центарот е поставена во сектори и одделенија, според органограмот.

### 1.8. Приоритети и цели на Центарот за управување со кризи

За остварување на своите законски надлежности а во функција на поддршка на стратешките приоритети и цели на Владата, Центарот за управување со кризи за период 2021 – 2023 година има утврдено 3 (три) приоритети за чие спроведување се утврдени 7 (седум) цели:

**Приоритет број 1**

Продолжување со изградба и развивање на капацитети и способности на Системот за управување со кризи, за навремен, брз и координиран одговор на институциите за намалување на сите ризици и опасности од катастрофи, кој ќе биде компатибилен со системите за кризен менаџмент во земјите членки на НАТО и ЕУ.

Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на следните цели:

- Градење на капацитети на Центарот за административна и стручна поддршка на Владините тела во Системот за управување со кризи (СУК)
- Градење на капацитети на субјектите во Системот за управување со кризи за оперативна поддршка на Главниот штаб за управување со кризи
- Реализација на NATO EARDCC вежба и имплементација на научени лекции

**Приоритет број 2**

Воспоставување на единствен комуникациско-информациски систем за потребите на Системот за управување со кризи и надградба на постојната комуникациско-информациска инфраструктура

Овој приоритет ќе се спроведува преку реализацијата на следните цели:

- Воспоставување на единствен број за итни повици Е-112
- Имплементација на нова генерација на системи за командување со инциденти ( NATO NIKS)

**Приоритет број 3**

Унапредување на меѓународната соработка со надлежните тела и структури на ООН, НАТО, ЕУ, и учество во имплементацијата на Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од катастрофи,

За реализација на овој приоритет се утврдени следните цели:

- Јакнење на меѓународната соработка на Центарот за управување со кризи со релевантни организации и институции од областа на кризниот менаџмент во рамките на ООН, ЕУ и НАТО
- Јакнење на билатералната соработка со земјите од регионот од областа на управувањето со кризи и намалувањето на ризиците и последиците од катастрофи.

### 1.9. Осврт на постигнатите резултати во 2019 година

**Програма - Управување со кризи-потпрограма "Стручно оспособување и усовршување на вработените во ЦУК и субјектите во Системот за управување со кризи "**

Центарот за управување со кризи има надлежност да организира, подготвува и реализира обуки, вежби и други активности за вработените во Центарот и за другите учесници во Системот за управување со кризи ( СУК ).

Обуките и вежбите се планираат, организираат и изведуваат заради зголемување на координацијата, ефикасноста и навремената реакција на учесниците во СУК и за таа цел Владата има донесено Уредба со која ги пропишува организирањето, планирањето и спроведувањето на обуките и вежбите како и постапките кои задолжително се спроведуваат во СУК, а финансиските средства за реализација на овие активности се обезбедуваат од Буџетот.

Во рамките на оваа програма – потпрограма, реализирани се следните програмски активности:

- Реализирани се административни обуки согласно Годишниот план за обуки во 2019 година, со кои беа опфатени 60 административни службеници во 40 области;
- Изработени се Годишен план за обуки и извештај за реализација на истиот;
- Реализирани се основни и напредни обуки во рамките на НАТО програмата „ Наука за мир и безбедност – NATO Science for Peace and Security – SPS ", со опфат на 225 лица од кои 70 од РЦУК и 155 лица од другите субјекти во СУК;
- Реализирани се 29 основни и напредни обуки со опфат на 446 лица од ЦУК, РЦУК и останатите субјекти во СУК, за имплементација на NATO – NICS системот.
- Реализирана една теренска вежба „ Национален одговор 2019 " во организација на АРМ со примена на NICS системот за поддршка на вежбата и тестирање на NICS.

**Развојна програма – Воспоставување на единствен комуникациско информациски систем**
**Потпрограма – Воспоставување на единствен број на повикување Е - 112**

- Во рамките на оваа програма реализирани се следните активности:
- Изработен и усвоен концептуалниот дизајн на Системот Е – 112;
- Изработена техничка спецификација за Системот Е – 112;
- Започнати се градежни зафати на објектите, за потребите на сервер сала и опремата на Системот Е – 112.
- Усвоени се Заклучоци од страна на Владата за имплементација на Нова генерација на командни системи за инциденти ( NICS );

Програма „ Меѓународна соработка "

ЕУ ИПА Програмата за прекугранична соработка со Република Грција 2014 – 2020 година

Оваа Програма се реализира преку 2 проекти и тоа:

проектот "Интегриран оперативен центар за пружање хуманитарна помош" (HELP). Проектот HELP има за цел да го зголеми капацитетот и подготвеноста на хуманитарната помош во прекуграничната област заради ефективна и ефикасна превенција, ублажување и управување со ризици од катастрофи. Работната група на ЦУК согласно решението на директорот бр. 04-2947/1 од 09.11.2018 работи на имплементација на проектните задачи. До сега реализирано е следно:

-Подготовка и имплементација на комуникациски план и Стратегија за дисеминација во пограничната област;

-Изработени се национални протоколи за комуникација, соработка и координација во Југоисточниот Плански Регион;

-Изработени се прекугранични протоколи за комуникација, соработка и координација во пограничната област;

-Развој на План за управување со кризи во погранична област;

- проектот „Заедничка прекугранична соработка за заштита на населението од природни непогоди и катастрофи предизвикани од човечки фактор" (J-CROSS). Проектот J-CROSS има за цел на долгорочен период да ги намали ризиците од природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човек во регионите на Западна Македонија и Пелагонија и воедно искуствата стекнати од овој проект во иднина да се споделат со други прекугранични области. Реализирани се иницијални активности согласно проектниот план.

## 1.10. Осврт на постигнатите резултати во 2020 година

### 1.10.1.Осврт на постигнатите резултати во досегашниот период на 2020 година

**Развојна програма – Воспоставување на единствен комуникациско информациски систем**

**Потпрограма – Воспоставување на единствен број на повикување Е - 112**

- Подготвена тендерска документација за избор на изведувач за спроведување на проектот;
- Завршен тендерот за избор на најповолен понудувач за изработка на основниот проект за адаптација на просториите на оперативните центри – РЦУК Тетово, Охрид, Битола, Струмица, Велес и Штип;
- Завршени работите во централата во Скопје - спремни простории за имплементација на 112.

### 1.10.2 Очекувани резултати до крајот на 2020 година.

До крајот на 2020 година очекуваме да се реализираат следните проектни активности:

- Започнување на градежните работи на објектите во оперативните центри – РЦУК Тетово, Охрид, Битола, Струмица, Велес и Штип;
- Изработка на стандардните оперативни процедури за функционирање на Системот Е-112;

- Инсталација на опремата од страна на избраниот изведувач;
- Подготовка на кампања за подигање на јавната свест за Е 112;
- Спроведување на обуки за вработените во Системот Е-112.
- Спроведување 4 еднодневни онлајн обуки наменети за вкупно 60 волонтери и вработени лица на Црвен крст на Република Северна Македонија
- Заокружување на основната обука за користење на веб-базираниот систем NICS на локално ниво – за претставници на институциите на СУК во РСМ од Северозападниот (Полошки) плански регион – Тетово и Скопскиот плански регион
- Спроведување напредна обука за користење на веб-базираниот систем NICS на локално ниво – за селектирани претставници на институциите на СУК во РСМ од сите 8 плански региони
- Спроведување обука за обучувачи за користење на веб-базираниот систем NICS на национално и локално ниво (сите 8 плански региони) – за селектирани претставници на институциите на СУК во РСМ
- Спроведување обука за NICS администратори – за селектирани претставници на институциите на СУК во РСМ
- Подготовка, организација и спроведување на Финална планирачка конференција за реализација на НАТО EARDCC вежбата во „Северна Македонија 2021", 15-21.11.2020 година, Охрид, РСМ, кој поради состојбата со Ковид 19 не беа реализирани.

### 1.11 . Програми

Центарот за управување со кризи во периодот 2021-2023 година ќе ги реализира стратешките програми кои се во функција на остварувањето на стратешките приоритети и цели на Владата и своите стратешки приоритети и цели. Во програмите се содржани мерки и активности кои произлегуваат од нашата мисија и нивното остварување треба да обезбеди остварување на визијата на Центарот.

Во Нацрт стратешкиот план на Центарот за управување со кризи, за наредниот планирачки циклус 2021-2023 година, се креирани следниве програми:

- **Програма „ Управување со кризи "**

– Потпрограма – стручно специјализирани обуки и вежби во СУК.

- **Програма – Развојна програма - „ Воспоставување на единствен комуникациско – информациски систем**

– Проект - „Понатамошна надградба на тетра системот ( тетра 4 ) и воспоставување на бројот за итни повици Е-112 ".
– Проект – NICS
– Проект: Воспоставување на Систем за јавно тревожење
– Проект: Воспоставување на единствена радио мрежа

- **Програма „ Меѓународна соработка "**

– Упатување на претставници од ЦУК во Делегацијата на РСМ во НАТО, Брисел
– Подготовка, организација за реализација на НАТО EARDCC вежбата во „Северна Македонија 2021", Охрид и Струга, РСМ.
– Имплементација на проект - "Интегриран оперативен центар за пружање

хуманитарна помош (HELP).

Имплементација на проект „Заедничка прекугранична соработка за заштита на населението од природни непогоди и катастрофи предизвикани од човечки фактор“ (J-CROSS).

- Административно-организациски подготовки за учество на специјализирани обуки и вежби во странство.

## 2. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

### 2.1.ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА – Потпрограма – Стручно специјализирани обуки и вежби во СУК.

| А: ОПРАВДАНОСТ И ДИЗАЈН НА ПРОГРАМАТА |
|---|
| **Образложение: – Потпрограмата** произлегува од Законот за управување со кризи ( член 29 ) и од Уредбата број 15-1040/1 од 09.03.2010 година, со која Центарот за управување со кризи се определува за носител на планирањето, подготовката и реализацијата на обуки и вежби за потребите на Центарот и субјектите кои го остваруваат Системот и е во функција на поддршка на Стратешкиот приоритет на Владата - полноправно членство на Република Северна Македонија во НАТО |
| 2. НПАА ( точно идентификување и поврзување со поглавјата и целите од програмата за членство во НАТО и ЕУ )<br>– Поглавје 27 - Животна средина |
| 1.Стратешкиот приоритет на Центарот за управување со кризи<br>Продолжување со изградба и развивање на капацитети и способности на субјектите во Системот за управување со кризи, за навремен, брз и координиран одговор, во сите фази, за намалување на сите ризици и опасности од катастрофи, кој ќе биде компатибилен со системите за кризен менаџмент во земјите членки на НАТО и ЕУ. |
| **Цел на програмата:**<br>➢ Градење на капацитети на Центарот за административна и стручна поддршка на Владините тела во Системот за управување со кризи (СУК)<br>➢ Градење на капацитети за стручно оперативна поддршка на Главниот штаб за управување со кризи<br>➢ Градење на капацитети на субјектите во СУК |
| **Показатели на успешност:**<br>- Број на спроведени обуки за административна и стручна поддршка на Владините тела во СУК и оперативна поддршка на Главниот штаб за управување со кризи<br>- Број на реализирани вежби |
| **Програмата е: хоризонтална** |

| Компоненти на потпрограмата и очекувани резултати | |
|---|---|
| Планирање, организирање и спроведување на стручно-специјализирани обуки и вежби за административна и стручна поддршка на Владините тела во Системот за управување со кризи (СУК) | **Показатели на успешност:**<br>- Број на планирани и реализирани обуки и вежби;<br>- Број на учесници на обуките и вежбите. |
| Планирање, организирање и спроведување на стручно-специјализирани обуки и вежби за оперативна поддршка на Главниот штаб за управување со кризи | **Показатели на успешност:**<br>- Број на планирани и реализирани обуки и вежби;<br>- Број на учесници на обуките и вежбите. |
| Планирање, организирање и спроведување на стручно-специјализирани обуки и вежби за потребите на субјектите во СУК | **Показатели на успешност:**<br>- Број на планирани и реализирани обуки и вежби;<br>- Број на учесници на обуките и вежбите. |

**Б. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА- Потпрограма – Стручно специјализирани обуки и вежби во СУК.**

| План за спроведување на Потпрограмата - Стручно специјализирани обуки и вежби во СУК. | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | | | **Човечки** | | | **Финансиски** | | |
| | | | **Почеток** | **Крај** | **I год.** | **II год.** | **III год.** | I година | II година | III година |
| Изработка на повеќегодишен план за обуки од 2022-2024 | Одд.за управув. Со човечки ресурси | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК | 09/2021 | 10/2021 | 10 | 10 | 10 | Буџетска програма 20 ставка 425 и 426<br>20.000,00 ден. | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на годишен план за обуки;<br>– за 2022 година<br>– 2023 година<br>– 2024 година | Одд.за управув. Со човечки ресурси | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК | 10/2021<br>10/2022<br>10/2023 | 12/2021<br>12/2022<br>12/2023 | 5 | 5 | 5 | Буџетска програма 20 ставка 425 и 426<br><br>10.000,00 ден. | Буџетска програма 20 ставка 425 и 426<br><br>10.000,00 ден. | Буџетска програма 20 ставка 425 и 426<br><br>10.000,00 ден. |
| Изработка на повеќегодишен план за вежби 2022-2024 | Одд.за управув. Со човечки ресурси | Организациони единици во ЦУК и субјекти во СУК | 04/2021 | 09/2021 | 15 | 15 | 15 | Буџетска програма 20 потпрограма ставка 425 и 426<br><br>30.000,00 ден | | |
| Вкупно активности во I година : 1 | | | | | | | | 60.000,00 денари | | |
| Вкупно активности во II година : 3 | | | | | | | | 10.000,00 денари | | |
